**20090150304**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 146 од Законот за странците („Службен весник на Република Македонија“ бр.35/06, 66/07 и 117/08), министерот за внатрешни работи во согласност со министерот за надворешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПАТНИ И ДРУГИ ИСПРАВИ НА СТРАНЕЦ

Член 1

Во Правилникот за патни и други исправи на странец („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/08), во член 2 во ставот 1, сврзникот „или“ се заменува со запирка, а по зборовите: „конзуларна лична карта“, се додаваат зборовите: „или специјална лична карта“.

Член 2

Во членот 6, по зборовите „службената лична карта“ сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по зборовите: „конзуларната лична карта“ се додаваат зборовите: „или специјална лична карта“.

Член 3

Во делот II. „НАЧИН НА ИЗДАВАЊЕ НА ПАТНИ И ДРУГИ ИСПРАВИ НА СТРАНЕЦ“, во насловот на точката 4.„Издавање на дипломатска лична карта, службена лична карта или конзуларна лична карта“ сврзникот „или“ се заменува со запирка, а по зборовите: „конзуларна лична карта“ се додаваат зборовите: „или специјална лична карта“.

Член 4

Во член 21 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Специјална лична карта се издава на:

- странец кој е член на претставништво на странска држава или на друга странска мисија, кои во Република Македонија имаат специјален статус утврден со посебна спогодба меѓу Република Македонија и странската држава, односно странската мисија, како и на членовите на неговото семејство (брачен другар и деца);
- странски експерт или волонтер ангажиран за реализација на проекти од јавен интерес за Република Македонија, од страна на дипломатско-конзуларно претставништво на странска држава или претставништво на друга странска мисија, кое во Република Македонија има дипломатски или специјален статус;
- родител на странец кој е член на дипломатско-конзуларно претставништво на странска држава или претставништво на друга странска мисија која во Република Македонија има дипломатски или специјален статус и
- на странец кој е член на помошен персонал ангажиран од дипломатско-конзуларно претставништво на странска држава или претставништво на друга странска мисија која во Република Македонија има дипломатски статус.“

Член 5

Во член 22 во ставот 1, по зборовите „службена лична карта“ сврзникот „или“ се заменува со запирка, а по зборовите „конзуларна лична карта“ се додаваат зборовите „или специјална лична карта“.

Во ставовите 3 и 4 по зборовите „дипломатски статус“ се додаваат зборовите „или специјален статус“.

Член 6

Во член 23 во воведната реченица сврзникот „или“ се заменува со запирка, а по зборовите „конзуларна лична карта“ се додаваат зборовите „или специјална лична карта“.

Во алинејата 1, по зборовите „дипломатски статус“ се додаваат зборовите „или специјален статус“.

Во алинејата 5 по зборовите „службена лична карта“ сврзникот „или“ се заменува со запирка, а по зборовите „конзуларна лична карта“ се додаваат зборовите „или специјална лична карта“.

Член 7

Во член 24 во ставот 1, сврзникот „или“ се заменува со запирка, а по зборовите „конзуларна лична карта“ се додаваат зборовите „или специјална лична карта“.

Во ставот 2 сврзникот „или“ се заменува со запирка, по зборовите „конзуларна лична карта“ се додаваат зборовите „или специјална лична карта“, а по зборовите „дипломатски статус“ се додаваат зборовите „или специјален статус“.

Член 8

Во член 25 во ставот 1, по зборовите „дипломатски статус“ се додаваат зборовите „или специјален статус“.

Во алинејата 2, сврзникот „и“ се заменува со знакот „точка и запирка“.

Во алинејата 3, точката на крајот на реченицата се заменува со сврзникот „и“ и се додава нова алинеја 4 која гласи:

„- специјална лична карта од вид „Сп“.“.

Член 9

По членот 30 се додава нов член 30-а кој гласи:

„Член 30-а

Образецот на специјалната лична карта од видот „Сп“ е со димензии 8,9 x 5,4 цм и има предна и задна страна (Образец бр.13).

Во горниот среден дел на предната страна на образецот на специјалната лична карта од видот „Сп“ отпечатен е грбот на Република Македонија, на левата страна отпечатен е натпис „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ и натпис „МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ“ на македонски јазик и неговото кирилско писмо, а на десната страна отпечатени се овие натписи на англиски јазик и неговото латинско писмо. Во средниот дел на предната страна на образецот, на левата страна има место за фотографија под која има ознака „Сп“ и во продолжение се внесува деловодниот број, на десната страна отпечатен е натпис „СПЕЦИЈАЛНА ЛИЧНА КАРТА“, под него се внесуваат податоци за странецот: име и презиме; функција и мисија, а во долниот дел на предната страна на образецот се внесуваат податоци за: регистарскиот број; датумот на издавање и важноста на специјалната лична карта.

На задната страна на образецот на специјалната лична карта од видот „Сп“, отпечатен е текст за ослободување од обврската за поседување на македонска виза при влегување и

напуштање на територијата на Република Македонија и за обврската на надлежните државни органи да му укажат помош на граничните премини, во институциите и на други места на територијата на Република Македонија, а под него во средниот дел има место за печат и потпис на шефот на протокол.

Во долниот дел, на левата страна од задната страна на образецот на специјалната лична карта од видот „Сп“, има ознака „Сп“.

Текстот на образецот на специјалната лична карта од видот „Сп“ е отпечатен на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на англиски јазик и неговото латинско писмо.“

Член 10

Во член 37 во ставот 5, сврзникот „или“ се заменува со запирка, а по зборовите „конзуларна лична карта“ се додаваат зборовите „или специјални лични карти“.

Член 11

Во членот 40, бројот „12“ се заменува со бројот „13“.

Член 12

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.14.1-3920/1
23 јануари 2009 година
Скопје

| Министер<br>за надворешни работи,<br>м-р **Антонио Милошовски** с.р. | Министер<br>за внатрешни работи,<br>м-р **Гордана Јанкулоска** с.р. |
|---|---|

**Образец бр.13**

**СПЕЦИЈАЛНА ЛИЧНА КАРТА ОД ВИДОТ „СП“**




**Предна страна**



НОСИТЕЛОТ НА ОВАА ЛИЧНА КАРТА Е ОСЛОБОДЕН ОД ОБВРСКАТА ЗА ПОСЕДУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКА ВИЗА ПРИ ВЛЕГУВАЊЕ И НАПУШТАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. СЕ МОЛАТ СИТЕ НАДЛЕЖНИ ДРЖАВНИ ОРГАНИ НА НОСИТЕЛОТ НА ОВАА ЛИЧНА КАРТА, ДА МУ УКАЖАТ ПОМОШ НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ, ВО ИНСТИТУЦИИТЕ И НА ДРУГИ МЕСТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

THE HOLDER OF THIS IDENTITY CARD SHALL BE EXEMPT FROM THE OBLIGATION TO POSSESS A MACEDONIAN VISA WHEN ENTERING OR LEAVING THE TERRITORY OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA. ALL RELEVANT AUTHORITIES ARE HEREBY KINDLY ASKED TO PROVIDE ASSISTANCE ON THE BORDER CROSSING, INSTITUTION AND OTHER PLACE OF THE TERRITORY OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA ON THE HOLDER OF THIS IDENTITY CARD.

ШЕФ НА ПРОТОКОЛ
CHIEF OF PROTOCOL

Sp

**Задна страна**